# П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАЧИНОТ НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ КАЈ ЛИЦА СО СОПСТВЕНИЧКА, ОРГАНИЗАЦИСКА ИЛИ УПРАВУВАЧКА ПОВРЗАНОСТ КОИ МОЖАТ ИЛИ НА КОИ ИМ Е НАЛОЖЕНО ДА СЕ РЕГИСТРИРААТ КАКО ЕДЕН ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

*(Објавен во Сл. весник бр 22/2004)*

### Член 1
### Општа одредба

Со овој правилник поблиску се уредува начинот на примена на Законот за данокот на додадена вредност кај лица со сопственичка, организациска или управувачка поврзаност кои можат или на кои им е наложено да се регистрираат како еден даночен обврзник во случаите на нарушување на даночните принципи или во случаите кога постои можност за нивно нарушување (во натамошниот текст: поврзани лица).

### Член 2
### Дефиниции

(1)Поврзани лица претставуваат група на лица кои се правно независни, регистрирани за целите на данокот на додадена вредност според член 51 од Законот за данокот на додадена вредност и кои се тесно поврзани сопственички, организациски или управувачки. Во групата на поврзаното лице не може да се поврзе лице кое врши повеќе од 40% ослободен промет без право на одбивка на претходен данок од вкупно извршениот промет во претходната година.

(2)Во смисла на член 9-а од Законот за данокот на додадена вредност, постоењето на:

-сопственичка поврзаност се утврдува кога во поврзаното лице било кое лице поседува најмалку 25% од правото на учество во било кое друго лице од поврзаните лица или најмалку 25% од правата на сите поврзани лица,

-организациска поврзаност се утврдува кога едно или повеќе поврзани лица директно или индиректно поседуваат некое од поврзаните лица, и

-управувачка поврзаност се утврдува кога едно лице го контролира управувањето на секое лице во поврзаното лице или повеќе лица кои работат според договор и го контролираат управувањето на сите поврзани лица.

### Член 3
### Случаи на нарушување на даночни принципи

Како случаи на нарушување на даночните принципи кога им се наложува на лицата да се регистрираат како еден даночен обврзник, а заради заштита на даночните приходи, особено се сметаат:

1.повеќе пати ја преценува залихата при попис;

2.подолго време заостанува со плаќањето на јавните давачки;

3.спречува или попречува даночна контрола, контрола на материјално-финансиската состојба, не дава или дава непотполни, ненавремени или неточни податоци за пописите, билансите, книгите и другите евиденциски обврски, вклучувајќи податоци за потеклото на капиталот;

4.повеќепати неточно, ненавремено, на друг начин или воопшто не го пријавува прометот на добра и услуги, освен ако за тоа не постои очигледен превид;

5.подолго време со загуби продава добра или врши услуги без оправдана причина или без намера за порамнување на загубите, особено при перманентно намалување на цените;

6.ако едно од лицата учествува во нетранспаретни содружнички односи во земјата или во странство;

7.не врши плаќање за извршените набавки од другите лица во поврзаното лице;

8.ги отуѓува на трети лица или ги пренесува трајните средства за работа од едно во друго поврзано лице, во услови на неплатени јавни давачки;

9.од едно на друго лице од поврзаното лице во ланец се извршуваат идентични трансакции;

10.учествувал или учествува во содружнички односи со даночни обврзници кои се во постапка на стечај или ликвидација или затворена постапка на стечај или ликвидација;

11.извршува плаќања по должничко-доверителски односи во услови на долгување на јавни давачки;

**Член 4**
**Пресметување на данокот на додадена вредност кај поврзани лица**

(1)Поврзаното лице од член 9-а, став 1 од Законот за данокот на додадена вредност, назначува едно лице за претставник на поврзаното лице.

(2)Обврските за водење на евиденции и за пресметување на данокот на додадена вредност кај поврзаното лице, ги исполнува претставникот на поврзаното лице.

(3)Период за кој се пресметува данокот на додадена вредност кај поврзаното лице се смета календарскиот месец.

(4)Секој промет на добра и услуги извршен од страна на едно кон друго лице во поврзаното лице не се смета за промет.

(5)Секој промет на добра и услуги извршен од лице во поврзаното лице кон трети лица и секој промет на добра и услуги извршен од трети

лица кон лице во поврзаното лице, ќе се смета како промет од или кон претставникот на поврзаното лице.

(6)Секој претходен данок содржан во влезниот промет, како и данокот за додадена вредност за плаќањата извршени за промет кој се уште не е извршен кон лице од поврзаното лице, се смета како претходен данок на претставникот на поврзаното лице.

(7)Данокот на додадена вредност платен при увозот од било кој член од поврзаните лица ќе се смета за платен од претставникот на поврзаните лица.

(8)Во случај на промет на услуга извршена од даночен обврзник, кој нема ниту седиште ниту подружница во Република Македонија , кон лице од поврзаното лице, данокот што притоа го должи ќе се смета како данок кој го должи претставникот на поврзаното лице.

## Член 5
## Пријавување, плаќање и враќање на данокот на додадена вредност кај поврзани лица

(1)Претствникот на поврзаното лице ќе биде одговорен за пријавувањето на данокот на додадена вредност што треба да се плати, вклучувајќи го и пријавувањето на претходниот данок и за навремено плаќање на даночниот долг.

(2)Кога износот на претходниот данок на додадена вредност во одреден даночен период е поголем од износот на данокот кој се должи за прометот, разликата му се враќа на претставникот на поврзаното лице, врз основа на негово барање кое го искажува во даночната пријава.

(3)За неплатениот данок на додадена вредност, од претставникот на поврзаното лице одговаарат и сите лица на поврзаното лице.

(4)Кога некое лице од поврзаното лице има неплатен данок на додадена вредност како и камата пресметана на него за период пред регистрирање како поврзано лице, претставникот и секое лице во поврзаното лице ќе ја превземе одговорноста за плаќање на данокот на додадена вредност.

(5)Лицата од поврзаното лице поднесуваат даночна пријава,за последниот даночниот период до почетокот на делувањето на поврзаното лице, во рок од 15 дена од датумот на почетокот на делувањето на поврзаното лице.

## Член 6
## Регистрација

(1)Регистрацијата на поврзаните лица се врши со поднесување на пријава за регистрација за данокот на додадена вредност на поврзани лица до Управата за јавни приходи - Регионална дирекција, според седиштето на определениот претставник на поврзаното лице на Образец ДДВ - 01/ПЛ, кој е составен дел на овој правилник, со Упатството за пополнување.

(2)Управата за јавни приходи ја разгледува пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност на поврзани лица и во рок до 90 дена од денот на приемот ќе ја одобри или одбие.

(3)За извршената регистрација на поврзаното лице, Управата за јавни приходи издава решение во кое го определува бројот за данокот на додадена вредност на поврзаното лице и почетокот на неговата примена. Бројот за данокот на додадена вредност на поврзаното лице ќе се користи на сите фактури или други документи издадени од било кое лице во поврзаното лице.

(4)Управата за јавни приходи кога ќе утврди нарушување на даночите принципи или можност за нивно нарушување кај поврзаното лице му издава решение со кое ќе ги регистрира како еден даночен обврзник. Управата за јавни приходи во решението го определува бројот за данокот на додадена вредност на поврзаното лице, неговото користење и претставникот на поврзаното лице.

**Член 7**
**Прекинување и промени на регистрацијата**

Доколку поврзаното лице сака да изврши прекинување на регистрацијата, или кон поврзаното лице дополнително пристапуваат или истапуваат лица, како и за промена на претставникот на поврзаното лице, се поднесува пријава на Образец ДДВ - 01/ПЛ до Управата за јавни приходи, која во рок од 90 дена од приемот ќе ја одобри или одбие.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".